# ОТЧЕТ 100 ДЕНА

## ГРАДОНАЧАЛНИК ЉУПЧО ПАПАЗОВ



ОПШТИНА КОЧАНИ

# ОТЧЕТ 100 ДЕНА



Почитувани граѓани на Општина Кочани,

Пред вас е претставен отчетот со издвоени најзначајни проекти и активности за работата во првите 100 дена од мандатот на новата локална власт.

Во изминатиов период, успеавме да отпочнеме со работа и реализираме бројни проекти од различни области, дел од нив и со посебно капитално значење. Затекнатите и наследени проекти, како одговорна власт, продолжуваме да ги реализираме според предвидената вообичаена динамика за тоа. Остварени се, исто така, повеќе средби и настани во насока на обезбедување на партнерска поддршка во спроведување на дополнителни проекти од веќе предвидените.

Бројните функционални предизвици остануваат главен фокус и предмет на тимска работа во општината за успешно справување со истите со цел постигнување на поголема продуктивност и ефикасност, нешто кое е неопходно за испорачување на видливи резултати за граѓаните.

Со правилното поставување на краткорочното и долгорочното планирање на остварувањето на програмските цели, верувам дека можеме да донесеме промени во обезбедувањето на предусловите за квалитетен развој на општината во годините пред нас.

Со почит,
Љупчо Папазов

ОПШТИНА
КОЧАНИ

# ОТЧЕТ 100 ДЕНА

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „РОЗА ПЕТРОВА“, КРАК, ПАРКИРАЛИШТЕ И ТРОТОАР

Обновен е околу 1 км од коловозот на улицата „Роза Петрова“ - од вкрстувањето со ул. „Ристо Симеонов“ до спојот со „Страшо Ербапче“, во близина на Општата болница. Од десната страна, во должина од 800 м. е изграден тротоар, со што се доби целосно уредена пешачка зона по должината на улицата. Со проектот за уредување на кракот од ул. „Роза Петрова“ се подобрува функционалноста на површина од 3 илјади квадратни метри, се олеснува сообраќајниот пристап за станарите од тамошните објекти за колективно домување и се добива паркиралиште со повеќе од 90 места.






ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА НОВАТА КОЛОВОЗНА ЛЕНТА НА УЛ. „СТЕВО ТЕОДОСИЕВСКИ“

Поставена атмосферска мрежа во должина од 270 м, од Стришани до Двојниот мост. На овој потег дополнително ќе се постават вкупно 16 шахти и 6 собирни решетки, а по завршувањето на комуналната инфраструктура ќе биде направено дооформување на оваа сообраќајница и нејзино асфалтирање. Се очекува булеварското решение на „Стево Теодосиевски“ значително да го подобри протокот на сообраќајот во централното градско подрачје на Кочани.





ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

ОТЧЕТ

100 ДЕНА

# ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦАТА „ЈОРДАН ЗАФИРОВ“ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРЕОСТАНАТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „РОЗА ПЕТРОВА“

Потпишан е договорот за доискористување на средствата од подзаемот од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, компонента Подобрување на општинските услуги (МСИП2) за реализација на проектот – Изградба на улица „Јордан Зафиров“ и реконструкција на преостанат дел од улицата „Роза Петрова“.

Вкупна вредност на проектот е 5.310.637 денари, од кои 4.671.371 денари се обезбедни од подзаемот, а остатокот е сопствено учество од буџетот на Општина Кочани.

THE WORLD BANK
IBRD • IDA

ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВЕН ПОТИСЕН ЦЕВКОВОД

Преку ТАВ програмата, во должина од 2.2 км се решава проблемот на загуби на вода од челичен цевковод изграден во далечната 1973 год. и во исто време се подобрува квалитетот во испораката на вода за пиење кон градот, преку продолжување на сеопфатниот проект за реконструкција кој датира од 2015 година.







ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

# ОТЧЕТ 100 ДЕНА

## ПРОЕКТИ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ - АСФАЛТИРАЊЕ НА ДВЕ УЛИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ

ул. „Христијан Т. Карпош“ – с. Оризари





ул. „Маршал Тито “ – с. Грдовци



Во с. Грдовци е завршено оградувањето на спортското игралиште со челични профили, избетонирани столбови и мрежа која е поставена помеѓу столбовите. Дополнително се изведуваат финалните завршетоци, како што се: обележување на терените со бела боја, поставување табли и слично.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

ОТЧЕТ
100 ДЕНА

# ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО СЕЛО ТРКАЊЕ

Се решава долгогодишен проблем со канализацијата во с.Тркање и во исто време со новиот колектор се поврзува со Пречистителната станица во с. Мојанци. Должината на колекторот е околу 3 км., а вредноста на проектот е 650.000 швајцарски франци. Инвеститор е Швајцарската агенција за економска соработка – СЕКО.






Swiss Confederation
Federal Department of Economic Affairs, Education and Research EAER
**State Secretariat for Economic Affairs SECO**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
**ЉУПЧО ПАПАЗОВ**

ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# ЗАМЕНА НА ПРОЗОРЦИ НА ТРИ ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

Променети се прозорците во централната градинка „Павлина Велјанова“, подрачното училиште „Никола Карев“ – с. Грдовци и Основното музичко училиште „Ристо Јуруков“ - Кочани. Со заменувањето на прозорците се придонесува кон енергетската ефикасност на овие објекти.





ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# РЕКОНСТРУКТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО ДВЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНАТА

Започнати се реконструктивните активности во ООМУ „Ристо Јуруков“ и ОУ „Никола Карев“. Станува збор за реконструкција на кров и адаптација на тоалет за лица со посебни потреби во ООМУ „Ристо Јуруков“-Кочани и реконструкција на кров, фасада, адаптација на тоалет и изградба на пристапна рампа во ОУ „Никола Карев“-Кочани.





ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# СТАВЕНИ ВО ФУНКЦИЈА ПЛАТФОРМИ СО ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО ЦЕНТАРОТ НА КОЧАНИ

На платформите се инсталирани по четири контејнери, од кои два за комунален отпад, а по еден за хартија и пластика. На површината има стандардно дизајнирана корпа за отпадот, а под површината се наоѓа сад за негово собирање. На тој начин ќе се избегнува непријатната миризба, расфрлање на отпадот, поместување и оштетувањето на контејнерите, а се обезбедува и поголема ефикасност на јавниот простор.







ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

**ОТЧЕТ 100 ДЕНА**

# РАСЧИСТУВАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД И ДИВИ ДЕПОНИИ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

Расчистени се депониите на локациите: Спомен-домот „АСНОМ“ - каде што целосно е исчистен локалитетот, депонија на локацијата кај повеќенаменското игралиште во населбата Трајаново Трло, „Кај антената“ во Трајаново Трло, дива депонија во с. Прибачево и други.






ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
**ЉУПЧО ПАПАЗОВ**

**ОТЧЕТ 100 ДЕНА**

# ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА НОВАТА МАШИНА МУЛЧЕР – ДРОБИЛКА ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ОРГАНСКО ЃУБРИВО

Машината Мулчер – дробилка за гранки е обезбедена како донација од страна на Швајцарската амбасада за потребите на Пречистителната станица во с. Мојанци. Со ваквиот начин на работење се обезбедува поголема количина на супстрат за производство на органско ѓубриво во рамките на Пречистителната станица.






ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
**ЉУПЧО ПАПАЗОВ**

ОТЧЕТ
100 ДЕНА

# КОМПЕНЗАЦИСКО САДЕЊЕ НА ДРВЈА – НОВИ САДНИЦИ НА УЛ. „ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ“ И „СКОПСКА“





ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

ОТЧЕТ
100
ДЕНА

# ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ДОНАЦИЈА НА НОВО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО

Донација во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети“, којшто се спроведува преку Програмата за развој на Обединетите нации – UNDP и со финансиска поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC. Како обврска на Општина Кочани е доопремување на возилото, за кое нешто во тек е јавната набавка.






ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СРЕДБИ

Средба со Амбасадорот на Р. Бугарија, Н.Е. г-дин Ангел Ангелов





Средба со заменик амбасадорот на Кралството Холандија, г-дин Роберт Декер

Средба со Амбасадорот на Република Турција, Н.Е. г-дин Хасан Мехмет Секизќок





Одржан работен состанок со г-дин Клиф Хамер, регионален советник за инфраструктура и животна средина при Швајцарската амбасада и г-ѓа Станислава Додева, претставник на СЕКО, во врска со проектите кои во Општина Кочани се реализираат под покровителство на Швајцарската конфедерација.

Остварена средба со претставникот на Делегацијата на Европската Унија во државата, г-дин Давиде Биксио во просториите на „Геотерма“ во с. Долни Подлог.

На средбата беа дискутирани можностите за реализација на проекти од областа на искористување на потенцијалот на геотермалните ресурси со кои располага општината.





ОТЧЕТ
100 ДЕНА

# ПРОЕКТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЛОКАЛНАТА РОМСКА ЗАЕДНИЦА



Склучен меморандум за соработка помеѓу Општината и Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“

Потпишан меморандумот за соработка за спроведување на програмата РОМАКТЕД 2 за политики за поголема социјална интеграција на Ромите на локално ниво.




ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

# СПРОВЕДЕНА КАМПАЊСКА АКТИВНОСТ ЗА БОРБА ПРОТИВ РОДОВО БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Во рамки на кампањата „Биди храбра – стоп за семејното насилство“ којашто се реализира по иницијатива на Билјана Ангелова, сопруга на амбасадорот на Република Бугарија, а поддржана и од Општина Кочани, вработени во општинската администрација заедно со претставници на граѓански здруженија од Кочани поделија летоци со информативна и едукативна содржина против родово базираното и семејното насилство.






**ОТЧЕТ 100 ДЕНА**

# ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И ЗАЕДНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РЕГИОНАЛЕН БИЗНИС САЕМ И КУЛТУРЕН НАСТАН СО АГЕНЦИЈАТА ЗА МАРКЕТИНГ И МЕНАЏМЕНТ „ЕУРОСТЕП“ ОД СКОПЈЕ





ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТУДЕНТСКИ СТИПЕНДИИ ОД ОПШТИНА КОЧАНИ



Потпишани се вкупно 21 договор со студенти за користење на општинска стипендија во студиската 2021/22 година.



Изменет е Правилникот за доделување стипендии на студенти жители на општина Кочани со цел поголема искористеност на стипендирањето и зголемување и проширување на посебни категории за стипендирање, како што се лица со попречености и лица со ретки болести.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
**ЉУПЧО ПАПАЗОВ**

ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНАТА

Доделени се признанија и парични награди на учениците кои оствариле значајни успеси на домашни и меѓународни училишни натпреварувања.







ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
**ЉУПЧО ПАПАЗОВ**

# ФОРМИРАН ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

Спроведена е постапката за избор на 5-члениот Локален младински совет на Општина Кочани. Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога за интересите на младите во локалната средина.





ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# ИЗБРАНИ НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ, ТРЕНЕРИ И ГРУПИ ВО СПОРТОТ ЗА 2021 ГОДИНА

Под покровителство на Општина Кочани одржана е манифестацијата за избор на спортисти на годината, при што се прогласени најдобрите во спортот: спортска личност, најдобар тренер, спортска екипа, млади надежни спортисти и спортист на годината.





# СРЕДБИ СО ЛОКАЛНИ ОПШТЕСТВЕНЦИ

Остварена средба со претставници на градежни и проектантски фирми и слични дејности од општината со цел споделување на искуства од поширок јавен интерес, како и разговори за решенија на проблемите со кои се соочуваат во нивното основно работење.





Средба со претставници од Здружението на пензионери–Кочани, со посебен акцент на разгледување на потенцијалната нивна вклученост во рамки на претстојната реализација на проектот за изградба на старечки дом во општината.

ОТЧЕТ 100 ДЕНА

# ПОДОБРЕНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РЕДОВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА



Редовен пренос во живо на седниците на Советот на Општина Кочани.

Остварени многубројни средби со граѓаните во редовен, постојан термин за прием на Градоначалникот. Остварени се околу 100 средби кои опфаќаат разгледување на разни социјални, комунални и инфраструктурни проблеми и прашања.




мЗаедница

Унапредени се можностите за поголемо искористување на дигиталната платформа мЗаедница – Онлајн пријавувања за субвенции и стипендии.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ЉУПЧО ПАПАЗОВ

# УТВРДЕНИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2022 ГОДИНА

- Изградба на објекти за домување на незгрижените лица со привремен престој во Старата касарна
- Изградба на Старечки дом со разгледување на две потенцијални локациски решенија
- Изработка на проект за реконструкција на месноста Локубија со парковско решение
- Започнување на реализација на проектот Нов јужен влез во градот
- Изградба на препумпна станица за стабилно и квалитетно водоснабдување
- Реконструкција на покриениот градски пазар

# ОТЧЕТ

# 100 ДЕНА

## ГРАДОНАЧАЛНИК
## ЉУПЧО ПАПАЗОВ



ОПШТИНА КОЧАНИ